# З А П И С Н И К
## од Шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 март 2025 година

Скопје, март 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 16 март 2025 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео - конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 16:00 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата учествуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог - одлука за определување на Денови на жалост

2. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за определување на Денови на жалост.

**Точка 2**

**1.** Владата изрази длабока жалост поради човечките жртви предизвикани од пожарот што се случи во клубот „Пулс“ во Кочани на 16 март 2025 година и со едноминутно молчење им оддаде почит на починатите.

**2.** Владата заклучи:

1) Да се активира Европскиот механизам за цивилна заштита преку Дирекцијата за заштита и спасување.

2) По повод укажувањето на Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да преземе активности во рамки на нејзината надлежност и да изврши вонреден инспекциски надзор над установите за згрижување и воспитување на децата (градинки) и домовите за стари лица, на територијата на Република Северна Македонија и за наодите од надзорот во најкус можен рок да ја извести Владата.

**3.** Се задолжува Државниот пазарен инспекторат во наредните три дена да изврши вонреден инспекциски надзор врз угостителски објекти (кабареа, ноќни клубови, дискотеки и

дискотеки на отворен простор), на територијата на Република Северна Македонија и за наодите од надзорот веднаш да ја извести Владата.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16 : 20 часот.

| Генерален секретар на Владата<br>на Република Северна Македонија | Заменик на претседателот на Владата на<br>Република Северна Македонија |
|---|---|
| Игор Јанушев | Љупчо Димовски |